Public Disclosure Authorized
Public Disclosure Authorized
Public Disclosure Authorized
Public Disclosure Authorized

WORLD BANK GROUP

Редовен Економски Извештај За
Западен Балкан Број 23 | пролет 2023

Тестирање на отпорноста

Северна Македонија

Северна Македонија

- И покрај краткотрајното закрепнување по пандемијата, енергетската криза го намали растот и допринесе за раст на инфлацијата на ниво највисоко во последните две децении, што направи притисок врз јавните финансии во услови на зголемени трошоци за позајмување.
- Иако со надолен тренд, се предвидува инфлацијата да остане висока. На среден рок, се предвидува умерено забрзување на економскиот раст.
- Имајќи го предвид ограниченият фискален простор, поддршката на Владата за заштита на економијата од високите цени на енергијата треба да биде подобро насочена за да се поттикне енергетската ефикасност и зелената транзиција.
- Надолните ризиците за проекцијата се намалени како резултат на делумното олабавување на финансиските услови, но фискалната консолидација и понатаму останува приоритет. Структурните реформи за поттикнување на среднорочниот одржлив и инклузивен раст треба да останат во фокусот во пресрет на изборите во 2024 година.

Најнови економски случувања

По опоравувањето во 2021 година, моментумот на раст се намали во 2022 година, бидејќи последиците од руската инвазија на Украина го прекинаа закрепнувањето по пандемијата. По забележаниот раст од 3,9 проценти во 2021 година, домашниот производ во 2022 година се зголеми за 2,1 проценти на годишно ниво како резултат на големиот раст на бруто инвестициите главно поради зголемените залихи на стоки со висока увозна компонента. И покрај двоцифрениот раст, извозот заостануваше зад увозот. Во истиот период се забави растот на личната потрошувачка. Кај производството, експанзијата ја движеа услугите, додека индустријата се мачеше да го одржи нивото, а градежништвото падна уште подлабоко во негатива.

Високофреквентните показатели укажуваат на понатамошно забавување на растот во првото тромесечје од 2023 година. Индустриското производство се намали за 2,3 проценти во јануари 2023 година, но повисокото производство на енергија и рударство го ублажи намалувањето предизвикано од падот кај преработувачката индустрија. Истовремено, трговијата на мало забележа реално зголемување за 3,6 проценти, но се намали за 13,6 проценти во споредба со минатиот месец. Кај туризмот има закрепнување, но бројот на туристи и на ноќевања сè уште го нема достигнато нивото од пред пандемијата.

Како резултат на влошувањето на трговскиот биланс со високи увозни цени и зголемени залихи, дефицитот на тековната сметка се продлабочи и достигна 6 проценти од БДП. Трговскиот дефицит се зголеми за повеќе од 6 процентни поени (пп) и достигна 26,8 проценти од БДП, главно како резултат на негативниот енергетски биланс и интензивираниот увоз на залихи што служеше како механизам за амортизирање

на инфлацијата и обезбеди сигурност од недостиг на страната на понудата. Суфицитот кај услугите се зголеми на 5,7 проценти од БДП, главно како резултат на силниот извоз на информатичките и другите деловни услуги. Истовремено, дефицитот на примарниот доход се ублажи додека суфицитот на секундарниот доход порасна како резултат на повисоките дознаки. Солидниот прилив на странски директни инвестиции во преработувачкиот и услужниот сектор со 5,2 проценти од БДП помогна во финансирањето на дефицитот на тековната сметка. Бруто надворешниот долг, до септември, достигна 85,9 проценти од БДП во услови на раст на приватниот долг.

И покрај силната поддршка од Владата, пазарот на труд и понатаму е погоден од продолжените ефекти на пандемијата. До четвртото тримесечје од 2022 година,[1] стапката на учество во работната сила и понатаму се движеше околу 55 проценти, со разлика од повеќе од 21 пп помеѓу мажите и жените. Стапката на вработеност стагнираше на околу 47 проценти. Стапката на невработеност малку се намали на 14,4 проценти, но стапката на невработеност на младите и понатаму остана висока со 31,8 проценти, повеќе од двојно од просекот на ЕУ. Истовремено, сè поголемиот недостиг на работна сила како резултат на иселувањето и стареењето на населението го донесе бројот на слободни работни места на највисоко ниво во последната деценија, особено за работници во услужните дејности и во градежништвото.

Во текот на годината, заклучно со декември 2022 година, номиналните нето плати се зголемија за 11 проценти, но двоцифрената инфлација значеше дека растот на реалните плати е негативен. И покрај ниската и сè помалата продуктивност на трудот, двоцифрен раст на номиналната плата е забележан во скоро сите економски сектори, поттикнат од зголемувањето на минималната плата и порастот на платите во јавниот сектор. Порастот на платите е најголем во секторите што беа најпогодени од кризите како што се угостителството и рекреативните услуги, преработувачката индустрија и трговијата на мало каде номиналното зголемување на годишно ниво беше најмалку 14 проценти.

Стапката на инфлација, највисока во последните две децении, почна да забавува откако во октомври 2022 година го достигна врвот од близу 20 проценти. Просечната стапка на инфлација за целата 2022 година е 14,2 проценти, а цените на храната и на енергијата придонесоа со повеќе од 75 проценти во вкупното зголемување на инфлацијата. И базичната инфлација остана висока во 2022 година, со 7,1 проценти. На крајот на 2022 година, Владата ги префрли компаниите од прехранбената индустрија на регулираниот пазар на електрична енергија како дополнителен напор за намалување на растот на цените на храната со намалување на нивните влезни трошоци. Тоа помогна до некаде да се намалат цените на домашните прехранбени производи и со ублажувањето на притисоците од

1 Податоците за 2022 година не се целосно споредливи со претходните податоци поради промената на примерокот во Анкетата на работната сила (АРС) врз основа на пописот од 2021 година.

светските пазари на стоки, придонесе за забавување на месечното зголемување на инфлацијата. Во јануари 2023 година, во однос на претходниот месец, инфлацијата се зголеми само за 0,1 проценти додека на годишно ниво достигна 17,1 проценти.

Затегнувањето на монетарната политика продолжи, бидејќи растот на цените уште повеќе се вкорени во инфлаторните очекувања. До март 2023 година, централната банка ја зголеми референтната каматна стапка за 4,25 пп на 5,5 пп во десет последователни покачувања и ги зголеми стапките на кредитите и депозитите преку ноќ. Резервите закрепнаа по претходните загуби што ги претрпеа главно од почетокот на руската инвазија на Украина и сега имаат вредност од 3,7 месеци на увоз. Се зачува стабилноста на банкарскиот сектор со зголемување на стапката на адекватност на капиталот на 17,7 проценти во третото тримесечје од 2022 година, и покрај падот на стапката на ликвидност за 2,3 пп на годишно ниво до 19,7 проценти. Иако се зголеми каматната стапка на новите кредити за 1,2 пп во однос на крајот на 2021 година, кредитниот раст и понатаму е силен со 9,4 проценти во декември 2022 година, под водство на корпоративното кредитирање деноминирано во странска валута. Истовремено, нефункционалните кредити се на ниво од 3,2 проценти од вкупните кредити, што е за 0,1 пп повисоко од претходното тримесечје.

Дефицитот на општа влада се намали во 2022 година. До декември 2022 година, дефицитот на општа влада достигна 4,5 проценти од БДП што е намалување во однос на 5,4 проценти во 2021 година. Тоа е под планираното со буџетот бидејќи приходите водени од данокот на додадена вредност, данокот на доход и данокот на добивка растеа побрзо од расходите и бидејќи капиталните расходи беа пониски од планираниот износ. Субвенциите за електростопанството за покривање на оперативните загуби достигнаа 2,4 проценти од БДП. Дефицитот на општа влада за 2023 година е утврден на 4,8 проценти од БДП (повисоко од првично планираното) главно поради поголемите потреби за трошење поврзани со енергетската криза и со изградбата на новиот автопат.

Јавниот и јавно гарантираниот и негарантиран долг до крајот на 2022 година се намали на 59,6 проценти од БДП. Инфлацијата помогна да се намали соодносот на долгот и БДП, но номиналниот јавен долг остана покачен во однос на периодот пред кризата. Исто така, неплатените обврски на Владата се зголемија на 3,2 проценти од БДП, главно како резултат на неплаќањето од страна на претпријатијата во државна сопственост, здравството и локалните власти. Во февруари 2023 година, Владата се обиде да издаде Еврообврзница во износ од 600 милиони евра со каматна стапка од 6,25 проценти за да ги покрие повисоките потреби за финансирање за 2023 година (што опфаќаат отплата на Еврообврзницата од 450 милиони евра што доспева во јули), но трансакцијата не беше завршена поради делумната реконструкција на владата, така што на почетокот на март се издаде Еврообврзница во износ од 500 милиони евра со каматна стапка од 6,96 проценти. Линијата на ММФ за претпазливост и ликвидност (530 милиони евра, од кои

половината се повлекуваат) како и првата исплата од грантот од ЕУ за справување со енергетската криза во вкупен износ од 80 милиони евра би ги покриле потребите за финансирање во првото тримесечје. Барањето за макрофинансиската помош од ЕУ во износ од 100 милиони евра уште повеќе би ги намалило притисоците за финансирање во 2023 година.

Изгледи и ризици

Среднорочните изгледи за растот се позитивни, а надолните ризици се намалија. Растот во 2023 година се очекува да се зголеми на 2,4 проценти, но тоа е за 0,3 пп помалку од есенската проценка на Светска банка што ги отсликува понатамошните нарушувања како резултат на војната во Украина и продолжената енергетска криза. Растот се проектира да остане под потенцијалот, но умерено да се забрза со почетокот на големите јавни инвестиции и со приливот на СДИ од поблиски земји.

Бидејќи цените на стоките во следните две години се очекува да се намалат, стапката на инфлација се проектира да се намали на 9,1 проценти во 2023 и на 3 проценти во 2024 година. Централната банка се очекува да продолжи со затегнувањето на монетарната политика на кус рок, но постепено да ја олабавува со намалувањето на притисокот од цените. Основното сценарио се заснова на претпоставката дека влијанијата на повеќе кризи постепено ќе се намалуваат во периодот опфатен со прогнозата.

Основните ризици и понатаму се наклонети надолу и се тесно поврзани со изгледите на земјите од Европската Унија. Напредувањето во преговорите за пристапување на Северна Македонија во ЕУ може да го обезбеди многу потребниот поттик за реформите и да донесе перспективи за повисок раст. Истовремено, нагласената политичка несигурност и неактивноста на собранието пред изборите може да го одложат спроведувањето на критичните реформи. Исто така, повисоката инфлација од очекуваната може да предизвика позначително затегнување на монетарната политика со што дополнително би се ограничиле можностите за финансирање и би се ограничило зголемувањето на економската активност.

Отворањето на развојните перспективи на Северна Македонија би барало поголемо внимание посветено на реформите што чекаат на спроведување. Политиките треба да се фокусираат на обновувањето на одржливоста и на отпорноста на шоковите за да се спречат идни уназадувања на растот. Подобрувањето на даночната дисциплина и проширувањето на даночната основа би биле приоритет заедно со подоброто насочување на социјалните расходи и градењето на енергетска отпорност. Поддршката на Владата за заштитата на економијата од високите цени на енергијата треба да биде насочена и привремена за да се поттикне енергетската ефикасност и зелената транзиција. Со намалувањето на регулаторните трошоци за бизнисите, продлабочувањето на трговските договори, зголемувањето на пазарната конкуренција, зголемувањето

на учеството на пазарот на труд како и забрзувањето на зелената транзиција би се поддржал поодржлив, поинклузивен и поотпорен раст во опкружување со изразена несигурност.

Економскиот раст забави со преклопувањето на кризите...



Извор: Државен завод за статистика.

...и високофреквентните показатели укажуваат на понатамошно забавување во иднина.



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на вработените во Светска Банка.

Закрепнувањето на пазарот на труд е сè уште кревко со стапка на активност која продолжува да опаѓа.



Извор: Државен завод за статистика.
Забелешка: АРС 2022 ги користи податоците од пописот од 2021 година, правејќи прекин во серијата.

Домашната инфлација достигна највисоко ниво во последните 25 години...

Извор: Државен завод за статистика.

...а надворешната нерамнотежа значително се зголеми предводена од енергетската и прехранбената нерамнотежа.



Извор: Народна Банка.

Но, јавниот долг се стабилизира на почетокот на 2022 година како одговор на заострените финансиските трошоци.



Извор: Министерство за Финансии и проценки на Светска Банка .

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Избрани економски показатели	**2020**	**2021**	**2022e**	**2023f**	**2024f**	**2025f**
Реален раст на БДП (проценти)	-4,7	3,9	2,1	2,4	2,7	2,9
Состав (процентни поени)						
Потрошувачка	-1,5	5,1	0,7	1,1	1,6	2,9
Инвестиции	-5,7	0,3	7,1	2,8	1,7	0,9
Нето извоз	2,5	-1,4	-5,7	-1,5	-0,5	-0,9
Извоз	-7,4	7,4	9,2	4,6	4,3	4,0
Увоз (-)	-9,9	8,9	14,8	6,1	4,9	5,0
Инфлација (проценти, просек за периодот)	1,2	3,2	14,2	9,1	3,0	2,0
Јавни приходи (проценти од БДП)	29,9	32,5	32,4	33,5	33,5	34,1
Јавни расходи (проценти од БДП)	38,1	37,9	36,9	38,4	37,8	37,4
Од кои:						
Плати (проценти од БДП)	7,2	6,9	6,5	6,6	6,4	6,2
Социјални надоместоци (проценти од БДП)	17,6	16,9	16,6	16,7	16,5	16,6
Капитални расходи (проценти од БДП)	3,1	4,2	4,2	5,9	6,4	6,0
Салдо на општа влада (проценти од БДП)	-8,2	-5,4	-4,5	-4,8	-4,2	-3,3
Примарно салдо на општа влада (проценти од БДП)	-7,0	-4,1	-3,3	-3,3	-2,5	-1,6
Салдо на општа влада со Јавното претпријатие за државни патишта	-8,6	-5,8	-4,8	-5,0	-4,4	-3,5
Јавен долг (проценти од БДП)	50,8	52,0	50,9	51,5	53,1	54,1
Јавен и јавно гарантиран долг (проценти од БДП)*	59,8	61,0	59,6	61,6	63,8	63,6
Од кое: Надворешен долг (процент од БДП)	39,9	39,9	39,1	38,7	38,6	38,0
Извоз на стоки (проценти од БДП)	44,4	51,3	57,0	56,5	57,2	58,3
Увоз на стоки (проценти од БДП)	61,0	71,6	83,7	81,7	82,0	82,8
Нето извоз на услуги (проценти од БДП)	3,9	4,2	5,7	6,4	6,7	7,1
Трговски биланс на стоки и услуги (проценти од БДП)	-12,7	-16,0	-21,0	-18,9	-18,1	-17,4
Прилив на дознаки (проценти од БДП)	3,1	2,9	2,7	2,7	2,6	2,6
Салдо на тековната сметка (проценти од БДП)	-2,9	-3,1	-6,0	-4,2	-3,7	-3,2
Нето прилив на странски директни инвестиции (проценти од БДП)	1,4	3,3	5,2	5,2	5,9	6,2
Надворешен долг (проценти од БДП)	78,7	81,9	87,5	89,4	89,5	88,9
Реален раст на кредити на приватниот сектор (проценти, просек за периодот)	5,6	2,8	-4,2	–	–	–
Нефункционални кредити (проценти од вкупните кредити на крајот на периодот)	3,3	3,1	3,2	–	–	–
Стапка на невработеност (проценти, просек за периодот)**	16,4	15,4	14,4	13,7	13,6	13,5
Стапка на невработеност на младите (проценти, просек за периодот)	35,7	36,1	32,5	–	–	–
Стапка на учество во работната сила (проценти, просек за периодот)	56,4	55,8	55,2	–	–	–
БДП по глава на жител, ПКМ (тековни меѓународни УСД)**	13.562	14.096	14.398	14.744	15.142	15.581

Извор: Властите во земјата, проценки и проекции на Светска банка.
Забелешка: *Го опфаќа и негарантираниот долг на ЈП. **Податоците од 2022 година не се целосно споредливи поради промената на примерокот на АРС врз основа на пописот од 2021 година. Стапката на невработеност на младите е за работната сила на возраст 15–24 години. f = прогноза.

WORLD BANK GROUP

Редовен Економски Извештај За **Западен Балкан**
Број 23 | пролет 2023

Погледнете го овој извештај онлајн:
www.worldbank.org/eca/wbrer